*АД МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ -СКОПЈЕ*
**Орце Николов бб 1000 Скопје, Р. Македонија**
**Тел. +389 3 242 013**

Д. Бр 02-15530/4 30-10-2006

**До:** **Комисија за хартии од вредност**
**Ул . Димитрија Чуповски бр 26, 1000 Скопје**

**Датум:** **30.10.2006**

**Предмет:** **Преглед на работењето на АД Македонски телекомуникации за периодот од 01.01.2006 до 30.09.2006**

АД Македонски телекомуникации е најголемата компанија која обезбедува услуги од областа на фиксната телефонија во Македонија. Телекомуникацискиот сектор во Македонија е регулиран со имплементирањето на новиот Закон за електронски комуникации кој беше донесен во март 2005 година. АД Македонски телекомуникации има потпишано Договор за концесија (согласно стариот Закон за телекомуникации) врз основа на кој претходно споменатите услуги може да ги обезбедува до 31 декември 2018 година. АД Македонски телекомуникации имаше ексклузивни права во: (а) давањето на услуги од областа на фиксна телефонија, изнајмување линии и (б) градење, изнајмување, поседување, развивање, одржување и работење со Јавната фиксна телекомуникациска мрежа до 31 декември 2004 година. Овие ексклузивни права вклучуваа локални, национални и меѓународни јавни фиксни говорни услуги, независно од применетата технологија, вклучувајќи и услуги за говор преку Интернет Протокол.

Главните цели на МТ во претстојната година се да остане водечка компанија во областа на телекомуникациските услуги во Македонија и да продолжи да обезбедува квалитетни услуги со атрактивни цени во пресрет на идната конкуренција.

Приходот од сегментот на фиксна телефонија е стабилен. Приходите од Интернет се зголемија како резултат на порастот на бројот на претплатници на ADSL. Учеството на приходите од мобилната телефонија бележи пораст и покрај конкуренцијата, што воглавно се должи на порастот на бројот на претплатниците.

На страната на трошоците забележуваме заштеди во трошоците за вработени како резултат на намалувањето на бројот на вработените од година во година. Сепак, ова не можеше да послужи како компензација на порастот на одредени трошковни елементи на останатите оперативни расходи, како на пр. неповолното движење на курсните разлики.

Македонската Влада одржа аукција за продажба на своите акции во Македонски телекомуникации во периодот помеѓу 5-ти и 9-ти јуни 2006 година. Во текот на аукцијата, МТ откупи вкупно 10% сопствени акции (9,9% плус 0,1%) додека 0,3% беа продадени на други инвеститори.

Како што претходно беше објавено, Мађар Телеком, компанијата мајка на АД Македонски телекомуникации - Скопје, сеуште врши истрага во однос на одредени договори со цел да утврди дали истите се склучени спротивно на политиката на компанијата или важечките закони и прописи. Оваа истрага, која ја врши независна правна фирма и која е под надзор на Одборот за ревизија на Мађар Телеком, е сеуште во тек. Не може да се даде било какво уверување дека како резултат на истрагата, ревидираните финансиски извештаи за 2005 година и финансиските извештаи или финансиските информации за било кој друг период, вклучувајќи и било кој период од 2006 година, нема да се разликуваат од оние објавени пред завршувањето на истрагата.

Со почит,

Гаврило Џиковски
Заменик претседател на ОД

Атила Сендреи
Главен извршен директор

BesTel – овластен превод

*А.Д. "МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИ"-СКОПЈЕ*
**Орце Николов бб 1000 Скопје, Р. Македонија**
**Tel. +389 3 242 013**

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ

**Македонски Телекомуникации АД Скопје**
**Матичен број 5168660** (во илјади денари)

| | АОП | 01.01-30.09.2006 | 01.07-30.09.2006 |
|---|---|---|---|
| **Позиција** | | | |
| | | | |
| Приход од продажба | 032 | 12.698.100 | 4.513.745 |
| | | | |
| Останати оперативни приходи | 033 | 314.143 | 144.291 |
| | | | |
| Промени на залихи на готови производи | 034 | | |
| и производство во тек | | | |
| | | | |
| Сопствени производи употребени и | 035 | 23.581 | 8.778 |
| капитализирани во претпријатието | | | |
| | | | |
| Потрошени материјали и ситен инвентар | 036 | (65.526) | (27.786) |
| Трошоци за вработените | 037 | (1.206.821) | (384.353) |
| Амортизација и ревалоризација на амортизација | 038 | (2.794.378) | (899.143) |
| Останати оперативни расходи | 039 | (4.067.798) | (1.367.734) |
| Набавна вредност на трговски стоки | 040 | (527.645) | (174.619) |
| | | | |
| **Добивка/загуба од оперативно работење (АОП 032 до 040)** | **041** | **4.373.656** | **1.813.179** |
| | | | |
| Финансиски приходи | 042 | 419.399 | 142.563 |
| Финансиски расходи | 043 | 22.717 | 12.168 |
| | | | |
| **Добивка/загуба пред оданочување (АОП 041+042-043)** | **044** | **4.770.338** | **1.943.574** |
| | | | |
| Данок од добивка | 045 | 573.199 | 255.421 |
| | | | |
| **Добивка/загуба од редовно работење по оданочување (АОП 044-045)** | **046** | **4.197.139** | **1.688.153** |
| | | | |
| Малцински интерес | 047 | | |
| | | | |
| **Нето добивка/загуба од редовни активности (АОП 046-047)** | **048** | **4.197.139** | **1.688.153** |
| | | | |
| Вонредни приходи | 049 | | |
| Вонредни расходи | 050 | | |
| | | | |
| **Нето добивка/загуба (АОП 048+049-050)** | **051** | **4.197.139** | **1.688.153** |

BesTel – овластен превод